

Општина Неготино, реализирајќи ја Програмата за енергетска ефикасност за 2020-та година презема активности со единствена цел да го подобри ефектот на светилките за уличното осветлување. Затоа, се известуваат граѓаните дека ако, на или до нивниот имот, постои светилка за улично осветлување, или минува дистрибутивната мрежа, која е премногу близу до крошна на дрво во нивниот имот, а при поголеми ветришта создава контакт помеѓу водовите и автоматиката во мерно регулационите ормари заради заштита, автоматски го исклучува доводот на електрична енергија, со што се исклучуваат светилките за улично осветлување и го намалува ефектот од функционирањето на светилката. Токму затоа, се замолуваат граѓаните да преземат мерки за подобрување на ефектот на светилката и воопшто уличното осветлување преку ослободување на полето на осветлување на најмалку 3 метри од светилката со кастрење на крошната на дрвото/дрвјата што се до светилката за улично осветлување, и да ги одвоите гранките на дрвата од водовите.

Во спротивно, ќе сметаме дека на тој електричен столб нема потреба од светилка и светилката ќе биде демонтирана и поставена на соодветен столб.